# ОПШТЕСТВЕНА ОДГОВОРНОСТ

Комисија за хартии од вредност
на
Република Северна Македонија

**ЈУЛИ-АВГУСТ 2019**

КОМИСИЈА ЗА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
KOMISIONI I LETRAVE ME VLERË
I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
SECURITIES AND EXCHANGE COMMISSION
OF THE REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA

Сертификат за општествена одговорност

Certifikatë për përgjegjësi shoqërore

IASS- RES.C: 2020-2022

WWW.SEC.GOV.MK

# КХВ АКТИВНО ПРОДОЛЖИ СО ПОДДРШКАТА НА ГРАЃАНСКАТА ИНИЦИЈАТИВА #РЕТВИТНИОБРОК






Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија и овој период продолжи со спроведување на активности кои имаат за цел да предизвикаат поголеми позитивни промени во нашето опкружување и да ја подигнат свеста кај секој поединец во општеството да не го фрла вишокот на храна, туку истиот да го редистрибуира на социјално загрозените семејства и бездомни лица кои немаат основни три оброци дневно.

За таа цел, Комисијата набави намирници потребни да се подготоват топли оброци за лица од социјално загрозените категории кои не можат да си обезбедат редовен оброк за себе и за своите семејства, а вработените од Комисијата во петоците во текот на месец јули со задоволство помогнаа да се зготват и спакуваат повеќе од 300 топли оброци и на тој начин се вклучија и ја поддржаа граѓанската иницијатива #РетвитниОброк која стана симбол на рециклирањето и споделувањето храна.